Врз основа на член 22 став 1 точка 7 и 8, член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/2002), член 21 став 1 точка 11, член 45 и член 47 став 1 од Статутот на Опшина Валандово, Советот на Општина Валандово на триесет и четвртата редовна седница, одржана на ден 24.06.2024 година, донесе

# О Д Л У К А

## за субвенционирање на семејства кои имаат ученик запишан во прва година во СОУ „Гоце Делчев” Валандово во учебната 2024/2025 година

### Член 1

Со оваа Одлука се утврдуваат правото и условите на субвенционирање на семејства кои имаат ученик запишан во прва година во СОУ „Гоце Делчев” Валандово во учебната 2024/2025 година, од Буџетот на Општина Валандово, во нето износ од 10.000,00 денари, по ученик.

### Член 2

Правото на субвенција за семејствата кои имаат ученик запишан во прва година во СОУ „Гоце Делчев” Валандово имаат родителите/старателите на сите ученици запишани за прв пат во општинското средно училиште во учебната 2024/2025 година.

### Член 3

За остварување на правото на субвенционирање на семејствата кои имаат ученик запишан во прва година, се поднесува Барање до Општина Валандово, во период од 01.06.2024 година до 30.09.2024 година.

Со Барањето за остварување на правото на субвенција на семејствата кои имаат ученик запишан во прва година се приложуваат следните документи:

- Потврда за запишан ученик во прва година за прв пат во учебната 2024/2025 година издадена и заверена од Средното општинско училиште „Гоце Делчев” Валандово;
- Фотокопија од важечки лични карти или патни исправи од родителите/старателите на ученикот;
- Извод од матична книга на родените за ученикот;
- Фотокопија од трансакциска сметка на еден од родителите/старателите.

### Член 4

За основаност на Барањето поднесено од страна на родителот/старателот одлучува Комисија составена од 3 до 5 члена, која ја формира Градоначалникот на Општина Валандово.

### Член 5

Одлуката за субвенционирање на семејства кои имаат ученик запишан во прва година во СОУ „Гоце Делчев” Валандово, врз основа на приложената документација ја спроведува Градоначалникот на Општина Валандово со поединечен управен акт - Решение.

**Член 6**

Средствата за оваа намена ќе се издвојуваат од Буџетот на Општина Валандово од:

- Програма АО – Совет на општина Валандово, потставка 464990 - други трансфери.

**Член 7**

Оваа Одлука стапува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Совет на Општина Валандово
Претседател
Владимир Марков